РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 14-179/2
19.06. 2012 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12), Одборот за акредитација и евалуација на високото образобание на Република Македонија, на својата 10. седница одржана на 30.05.2012 година, донесе

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë
УЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë-Тетово-Tetovo

| Pranuar / Примено / Received | 20.06.2012 | | |
|---|---|---|---|
| Nj. org. / Орг. Един. / Org. unit | Numër / Број / No. | Shtojcë / Прилог / Attachment | Vlëra / Вредност / Value |
| 03 | 6772 | | |

**РЕШЕНИЕ**

**за акредитација на студиска програма „Информациски системи и менаџмент", прв циклус тригодишни студии на Факултет за бизнис и економија, при Универзитет на Југоисточна Европа Тетово**

1. Се акредитира студиска програма **„Информациски системи и менаџмент", прв циклус тригодишни студии на Факултет за бизнис и економија , при Универзитет на Југоисточна Европа Тетово** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање: **Дипломиран по информациски системи и менаџмент,** Научно - истражувачко подрачје: Природно - математички науки, Општествени науки, научно - истражувачко поле: Информатика, Математика, Економски науки, Организациони науки и управување (менаџмент), научно - истражувачка област: Информатика, Алгоритми, Информациски системи и програмирање, Теорија на системи и контрола, Симулација, Математичка статистика и операциони истражувања, Применета економија, Маркетинг, Финансии, Сметководство, Менаџмент системи, Управување со системи, Бизнис менаџмент, Стратешки менаџмент.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на донесената одлука на Наставно - научниот совет на Факултет за бизнис и економија и одлуката од Универзитетски сенат на Универзитет на Југоисточна Европа, за организирање прв циклус тригодишна студиска програма „Информациски системи и менаџмент“, на 04.04.2012 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма

Одборот за акредитација и евалуација на високото обвразование во РМ, на 9 седница одржана на 26.04.2012, формира експертска комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија, на својата 10. седница одржана на 30.05.2012 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование
Проф. д-р Михаил Петковски